РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален Парк МАВРОВО
Бр. 03-746/1
22.09.2016 год.
МАВРОВИ АНОВИ

0302
Прил. 6

# Република Македонија
# Јавна Установа Национален Парк
# МАВРОВО
# Маврови Анови

22.09.2016
Маврови Анови

ДО: Министерство за Животна средина и Просторно Планирање
Скопје, Р.Македонија

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Јавната Установа Национален Парк Маврово врз основа на Заклучокот од Педесет и седмата седница на Владата на Р.Македонија одржана на 17.08.2016 година, ТОЧКА 138: Информација за зонирање на Националниот Парк Маврово, Ви ја доставува Студијата за Ревалоризација на Заштитеното Подрачје Маврово, како и Каталог (Листа) на видови регистрирани на територијата на Заштитеното подрачје Национален Парк Маврово и Литература. Исто така, сакаме да потенцираме дека со оваа студија се утврдува и зонирањето на Заштитеното Подрачје Маврово кое претставува составен дел од Студијата.

Материјалот Ви се доставува за понатамошно постапување во правец на донесување на Закон за репрогласување на Заштитеното Подрачје Маврово.

Во прилог:
-Студија за Ревалоризација на Заштитеното подрачје Маврово.
-Каталог (Листа) на видови регистрирани на територија на Заштитеното подрачје Маврово.
-Копије Одлука од Управен Одбор на Ј.У.Н.П.Маврово со арх.бр.02-741/1 од 21.09.2016 год.

Со почит!

ДИРЕКТОР
м-р Онер Јакупоски

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р.Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Република Македонија
Јавна Установа Национален Парк
**МАВРОВО**
Маврови Анови

08.11.2015 г

ДО
ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА
ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА
ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО
СКОПЈЕ

Предмет: Одговор на барање

Почитувани ,

Управата на Јавната Установа Национален Парк Маврово – Маврови Анови го разгледа Вашето барање за пренамена на шума и шумско земјиште , за изградба на Мала Хидроелектрична централа МХЕЦ Жировница референтен број 6 која се наоѓа на територијата на паркот во атарот на селото Жировница па отаму и името и споредено со нашите плански документи „ Посебни планови за одгледување и заштита на шумите " за период 2012 – 2021 година планскиот опфат за градба припаѓа во Шумско Просторната Единица Дешат , што ќе биде појдовна основа во понатамошната постапка за изготвување пресметка за трајна пренамена на шумата и шумското земјиште .

Постапката за утврдување на штета на веќе утврдена површина според доставената проектна документација ќе биде според Правилникот за начинот на утврдување на надомест за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште , што е составен дел на дописов .

Според Член 1 од Правилникот и доставената проектна документација и Вашето барање за пренамена утврдена е површина од 3,86 хектари која што споредена со нашите плански документи е во Одделот 90 , пододдел „а" и Одделот 91, пододдел „ а " што ќе бидат предмет на понатамошна пресметка .

Напомена : Управата на паркот е прифаќа утврдената површина според проектот и стручните лица со напомена дека ќе се врши постојан мониторинг на терен при изведување на градежните работи и секоја промена од планскиот опфат и зголемување на површината ќе биде предмет на повторна проценка и утврдување на штета и додека трае постапката градежните работи ќе бидат стопирани .

Тел.042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Членот 2 од Правилникот предвидува утврдува надомест за пошумување на површината која што паркот трајно ја губи со планираната градба , а тоа изнесува :

3,86 Ха x 84.447,00 Ден./ Ха = 325.965,00 денари

Вредноста која што се доби е утврдена откако површината ќе се помножи со цената на чинење на еден хектар пошумување ( Одлука Бр. 0202-105/4 од 19.12.2011 год. Донесена од Управниот Одбор ) Прилог.

Членот 3 од Правилникот пропишува надомест за изгубена дрвна маса на површината која што е утврдена или математички изгледа вака :

3,86 Ха x 265м3/Ха x 3.335,00ден./м3 = 3.411.371,00 ден.

Пресметаната вредност произлегува од површината помножена со дрвната маса на хектар , помножена со цената за еден метар кубен преземена од ценовникот на ЈУНП Маврово со деловен Бр. 0202-88/2 донесен 20.07.2012 година .

Членот 4 од Правилникот предвидува надомест на штета на име изгубен прираст , а при тоа имајќи ја во предвид моменталната старост од 40 години период што епотребно шумата да доспее полна зрелост со моментален просечен прираст од 3,35 м3/Ха , и така добиената дрвна маса за изгубен прираст до стогодишна старост на насадот се множи со цената за метар кубен на 1 хектар , тоа би изгледало вака :

3,86 Ха x 40 год. x 3,35 м3/ха x 3.335,00 ден /м3 = 1.724.995,00

Членот 5 од Правилникот предвидува надомест за општокорисни функции на шумата , а се пресметува откако предходно пресметаните вредности ќе се соберат и помножат со 20% или математички ќе изгледа вака :

5.462.331,00 ден x 20 % = 1.092.466,00 ден.

Вкупната вредност пресметана според Правилникот за утврдување штета за изгубена шума и шумско земјиште која што Хидроген енерџи груп доо – Скопје треба да ја плати вредноста на доставената изготвена Фактура од страна на ЈУНП

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

Маврово на име штета изнесува 6.554.797,00 денари . Износот на средствата ќе биде потребно да се уплати пред отпочнување на градежните работи .

Во приложената пресметка не е земен во предвид Членот 15 од Законот за шуми кој обврзува за десеткратно зголемена површина за пошумување , меѓутоа тоа ќе го сторите со потпишување Договор со кој ќе се обврзете по завршување на концесискиот Договор потпишан предходно, дека ќе ја исполните оваа законска обврска.

За дополнителни информации Ви стоиме на располагање контакт тел. 078 495 – 562 или 042 489-019 .

Со почит !

Прилог :
- Карти на насади
- Делови од План
- Ценовници
- Правилник

Изготвил,
Раководител на Одделение
Инж. Томо Ѓорѓевски

ЈУНП Маврово

Директор,

м-р Онер Јакупоски

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail:npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
МЛАДЕНОВСКА-ЃОРЃИЕВСКА

Бул. Партизански одреди бр.18/2-2,
1000 Скопје, Р. Македонија
тел./факс: +389 (0)2 3 215 222
моб: +389 (0)70 346 300
e-mail: m.mladenovska@gmail.com

ДО

НАЦИОНАЛЕН ПАРК МАВРОВО

| Примено: | 04. 11. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| 03 | 1219/1 | | |

**Предмет: БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ МИСЛЕЊЕ за пренамена на шумско земјиште, за изградба на Мала Хидроелектрична централа МХЕЦ Жировница реф.бр.6, која се наоѓа на територијата на Општина Маврово-Ростуше.**

**ОД: ДРУШТВОТО ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО СКОПЈЕ, застапувано од управител Предраг Чемериќиќ, преку полномошник адвокат Мери Младеновска-Ѓорѓиевска од Скопје, Бул. Партизански одреди, бр.18/2-2 со тел. 02/3215-222 и моб. 070/346-300.**

Почитувани,

Друштвото за производство на електрична енергија ХИДРОГЕН ЕНЕРЏИ ГРУП ДОО СКОПЈЕ застапувано од управител Предраг Чемериќиќ со Република Македонија, застапувана од министерот за животна средина и просторно планирање има потпишано Договор за концесија за користење вода за производство а електрична енергија од мали ходроцентрали за МХЕЦ Жировница со реф бр. 6, бр.02-5812/1 од 02.07.2015 година.

Инсталираната моќност на оваа мала хидроелектрана изнесува 463 Kw и истата ги опфаќа следниве карактеристични позиции:

- Зафат КО Жировница, КП 12;
- Вископопретисен GRP цевковод;
- Машинска зграда КО Жировница, КП 12 и КП 215;
- Приклучок со дистрибутивна мрежа.

Се обраќаме до горниот наслов со барање да ни издадете мислење дека по спроведување на постапката согласно Законот за шуми, може да се изврши пренамена од шумско земјиште во градежно неизградено земјиште, на катастраските парцели согласно доставената документација, **заради изградба Мала Хидроелектрична централа МХЕЦ Жировница реф.бр.6, која се наоѓа на територијата на Општина Маврово-Ростуше.**
Заради тоа изработен е Геодетски елаборат за нумерички податоци број 0801-457-15 од 21.07.2015 година од Друштвото за геодетски услуги Геодпоект плус ДООЕЛ Скопје.

<u>ДОКАЗ: Геодетски елаборат за нумерички податоци број 0801-457-15 од 21.07.2015 година</u>

Мислењето - Потврда во кое ќе бидат опфатени катастарските парцели кои влегуваат во намена на опфатот на хидроцентралата, согласно доставената документација, е потребно за да поднесеме барање за добивање решение за пренамена на шумското земјиште во ГРАДЕЖНО НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за шумство и ловство и тоа за следните парцели :

**- КП 12/2 со П= 36927м2 - култура шума за КО Жировница;**
**- КП 12/3 со П= 1197м2 - култура шума за КО Жировница;**
**- КП 12/4 со П= 21м2 - култура шума за КО Жировница;**
**- КП 12/5 со П= 21м2 - култура шума за КО Жировница;**
**- КП 12/6 со П= 427м2 - култура шума за КО Жировница;**

Ве молиме за итно постапување по барањето, бидејќи согласно Договорот за концесија обврзани сме да постапуваме во многу кратки рокови.

Решението да го доставите лично на полномошникот на подносителот, адвокат Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Во прилог на овој допис Ви ги доставуваме:
- Договор за концесија;
- Геодетски елаборат за нумерички податоци;
- Полномошно издадено на адвокат Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

Скопје, 30.10.2015 година

Полномошник,
Адвокат Мери Младеновска-Ѓорѓиевска

АДВОКАТ
МЕРИ МЛАДЕНОВСКА
тел. 02/3215-222 Скопје

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

03- 884/1 од 01.12.2017

[redacted]


Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 44-7758/1
28.11.2017 год.

Бул. Илинден бр 2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 072
Сајт: www.vlada.mk


ДО КАБИЕНТОТ НА ЗАМЕНИКОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ, Д-Р КОЧО АНЃУШЕВ

СКОПЈЕ

## ИЗВАДОК
**од Нацрт – записникот од Четириесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 28.11.2017 година**

„ТОЧКА 38: Информација во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција и Извештај за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија

Владата ја разгледа Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција и Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија и притоа заклучи:

1. Ја усвои Информацијата во врска со активностите кои ги презема Република Македонија кон Бернската Конвенција.

2. Го усвои Извештајот за Поплаката бр. 2013/1: Развој на хидроенергетски проекти на територија на Националниот парк Маврово во Република Македонија.

3. Се задолжува Кабиентот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, да формира работна група, со цел да ги следи активностите за Бернската Конвенција и да ги подготвува извештаите кон Конвенцијата, со претставници од следните институции: Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија и Министерството за надворешни работи, а по потреба и во зависност од случајот: Акционерско друштво Електрани на Македонија, Јавна установа Национален парк Маврово, Општина Маврово и Ростуша, Јавна установа Национален парк Галичица, Општина Охрид, Општина Струга и Министерство за култура, најдоцна во рок од осум дена по усвојувањето на оваа информација.

4. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за надворешни работи и Министерството за култура да достават номинација на претставник во работната група до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, најдоцна во рок од пет дена по усвојувањето на оваа информација.

5. Се препорачува на Акционерското друштво Електрани на Македонија, Јавната установа Национален парк Маврово, Општина Маврово и Ростуша, Јавната установа Национален парк Галичица, Општина Охрид и Општина Струга, да достават номинација на претставник во работната група до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, најдоцна во рок од пет дена по усвојувањето на оваа информација.

6. Се задолжуваат Кабиентот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за економија во рок од една недела

да номинираат свои претставници како координатори на активностите поврзани со Бериската Конвенција."

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА
ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ДОСТАВЕНО И ДО:

-Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија
-Министерството за животна средина и просторно планирање
-Министерството за економија
-Министерството за надворешни работи
-Министерство за култура
-Акционерско друштво Електрани на Македонија
-Јавна установа Национален парк Маврово
-Општина Маврово и Ростуша
-Јавна установа Национален парк Галичица
-Општина Охрид
-Општина Струга

Подготвил: Катерина Јаневска
Контролирал: Снежана М.Пендовска/Љубинка Р.Димовска
Ирина Маџирова
Согласен: Дејан Јакимовски
Одобрил: Митра Спасовска

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.1
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски број: 11-6342/1

Дата: 21.12.2017

ДО: Јавна установа Националиен парк Маврово
Маврови Анови

ПРЕДМЕТ: Известување

Почитувани,

Врз основа на Извадокот од Нацрт-записникот од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија одржана на 29.3.2017 година на која во точка 3 се препорачува на Јавната установа Национален парк Маврово до Министерството за животна средина и просторно планирање да го достави утврдениот документ за заонирањето на Националниот парк Маврово, кој е подготвен врз основа на политики и стратегии на Република Македонија, научни истражувања, комуникација и коресподенција со засегнати страни како и од одржаната јавна расправа, по што Министертвото за животна средина и просторно планирање се задолжува да го разгледа и прифати доставениот документ за зонирањето на Националниот парк Маврово и за истото да ја информира Владата, со цел продолжување на постапката за репрогласување на Националниот парк Маврово за заштитено подрачје Ве известуваме дека:

Од страна на Јавната установа Национален парк Маврово до Министерството за животна средина и просторно планирање е доставен официјален допис акт бр. 03-746/1 од 22.09.2016 година (наш бр. 11-5894/1) во прилог на кој е доставена Студијата за ревалоризација на заштитено подрачје Маврово во која меѓудругото е содржано и предвиденото зонирање со цел понатамошно постапување

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Република Македо
Министерстао за
животна средина
и просторно
планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.
1000 Скопје,
Република Македони
Тел. (02) 3251 400
Факс (02) 3220 165
Е-пошта:
infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov

за донесување на нов акт за репрогласување на заштитеното подрачје Маврово. Во прилог на дописот е доставена и Одлуката за усвојување на Студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово со посебен акцент на зонирањето (акт бр. 02-741/1) донесена од страна на Управниот одбор на Јавната установа Национален парк Маврово.

Согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), и заклучокот од горенаведената седница на Владата на РМ, Министерството за животна средина и просторно планирање како орган на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата треба да спроведе јавна расправа по однос на предлогот за репрогласување на заштитеното подрачје Маврово.

Со оглед на фактот дека јавната расправа се спроведува на подрачјето на општината на чијашто територија се наоѓа заштитеното подрачје, Ве известуваме дека Јавната установа Национален парк Маврово како субјект задолжен за управување и заштита на ова заштитено подрачје во соработка со Министервото за животна средина и просторно планирање треба да ги преземе сите мерки и активности за организирање и спроведување на јавната расправа на која сите учесници можат да ги доставаат своите забелешки по предлогот за репрогласување на заштитеното подрачје.

Изготвил: Смилка Тенева
Сашко Јорданов

Контролирал: Влатко Трпески

Одобрил: Билјана Зефиќ
в.д. Директор на Управа за животна средина

МИНИСТЕР
Sadulla Duraki

Скопје

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**ДО ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДА, ЗАДОЛЖЕН ЗА ЕКОНОМСКИ ПРАШАЊА И ЗА КООРДИНАЦИЈА СО ЕКОНОМСКИТЕ РЕСОРИ**

**<u>СКОПЈЕ</u>**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат

Бр. 42-2737/1
29.3.2016 година

## ИЗВАДОК
**од Нацрт – записникот од Осумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 29.3.2016 година**

„ТОЧКА 52: **Информација за активностите во врска со отворениот случај (Case-File) од Постојаниот комитет на Бернската Конвенција за Република Македонија и од состанокот на Поткомитетот на Европската Комисија за транспорт, енергетика, животна средина и регионален развој**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите во врска со отворениот случај (Case-File) од Постојаниот комитет на Бернската Конвенција за Република Македонија и од состанокот на Поткомитетот на Европската Комисија за транспорт, енергетика, животна средина и регионален развој (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се препорачува на Јавната установа Национален парк Маврово, во рок од седум дена, да започне со постапката за подготвување на извештај за Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина (на предлог-планот за управување со Национален парк Маврово), земајќи го предвид кумулативниот ефект на сите планирани развојни активности на територијата на паркот, како и социјалните аспекти и долгорочните ефекти врз регионот на водните режими на река Црн Дрим и река Вардар и најдоцна до 30 август 2016 година, да ја достави до Министерството за животна средина и просторно планирање.

2. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 18 октомври 2016 година, да го усвои извештајот за Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина на предлог-планот за управување со Национален парк Маврово, да издаде Решение за соодветност и за истото, најдоцна до 25 октомври 2016, да ги информира Канцеларијата

на претседателот на Владата на Република Македонија и Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори.

3. Се препорачува на Јавната установа Национален парк Маврово, најдоцна до 8 април 2016 година, до Министерството за животна средина и просторно планирање, да го достави утврдениот документ за зонирањето на Националниот парк Маврово, кој е подготвен врз основа на политики и стратегии на Република Македонија, научни истражувања, комуникација и кореспонденција со засегнати страни, како и од одржаната јавна расправа.

4. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, најдоцна до 20 јуни 2016 година, да го разгледа и прифати доставениот документ за зонирањето на Националниот парк Маврово (заклучок 3 од оваа информација) и за истото да ја информира Владата, најдоцна до 30 јуни 2016 година.

5. Се задолжува Министерство за животна средина и просторно планирање, да го достави Предлог-законот за репрогласување на Национален парк Маврово за заштитено подрачје до Владата, најдоцна до 19 јули 2016.

6. Се задолжуваат Маријан Галевски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и Андовска Сандра од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да формираат работна група со претставници од Секторот за природа при Министерството за животна средина и просторно планирање, Националниот парк Маврово и претставници од други институции доколку се утврди потреба, со задача да го координираат процесот на имплементација на заклучоците 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа информација и најдоцна до 8 ноември 2016 година, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ја извести Владата за прогресот на активностите.

7. Се препорачува на директорот на Јавната установа Национален парк Маврово и градоначалникот на општина Маврово Ростуша, да бидат дел од официјалната делегација на 36-от состанок на Постојаниот комитет на Бернската Конвенција кој ќе се одржи од 15 до 18 ноември 2016 година во Стразбур, Република Франција.

8. Се задолжуваат координаторите за активностите поврзани со Бернската Конвенција, Марјан Галевски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и Андовска Сандра од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да ја известат Владата за прогресот на активностите, најдоцна до 10 ноември 2016 година.

9. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ја информира Владата, најдоцна до 15 декември 2016 година, за степенот на реализација на заклучоците усвоени од оваа информација."

**ЗАМЕНИК НА ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**

**Тахир Хаџи**

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Јавната установа Национален парк Маврово
-Марјан Галевски од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија
-Андовска Сандра од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори
- директорот на Јавната установа Национален парк Маврово
- градоначалникот на општина Маврово-Ростуша

Изготвил: Владимир Лазаревски
Контролирал: Билјана Цицковска
Љубинка Р. Димовска
Согласен: Лидија Бинковска
Одобрил: Митра Стојановска

Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање
Управа за животна средина

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул. "Гоце Делчев" 66
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www.moepp.gov.mk

Архивски бр. 11-188/1
Дата: 24.02.2015
До:

______________________________

______________________________

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за заштита на природата („Службен весник на РМ" бр. 67/2004, 14/2006, 84/2007, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14) изготви Предлог-Закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк

За таа цел, Ве покануваме да присуствувате на јавна расправа по предлог-законот, која ќе се одржи на ден 04.03.2015 година (среда) со почеток во 11 00 часот во х. Макпетрол, Маврово.

МИНИСТЕР
Nurhan Izairi

Изготвиле: Смиљка Тенева
м-р Сашко Јорданов

Контролирал: м-р Влатко Трпевски

Одобрил: Директор на Управа за животна средина
Игор Трајковски

ИЗВЕШТАЈ

од одржана јавна расправа по

Предлог - Закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк

Согласно член 95 од Законот за заштита на природата ("Сл. весник на РМ", бр. 67/04, 14/06 и 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14) и одлуката на Владата на Република Македонија, Министерството за животна средина и просторно планирање одржа јавна расправа по "Предлог - Закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк".

Јавната расправа се одржа на 04.03.2015 година со почеток во 11 15 часот и заврши во 13 45 часот. во х. Макпетрол, Маврово На расправата присуствуваа: д-р Соња Лепиткова, Државен секретар во Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), г-дин Игор Трајковски, Директор на Управа за животна средина, Онер Јакуповски, Директор на Јавната установа Национален парк (НП) Маврово, претставници од МЖСПП; претставници од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; преставник од Кабинет на заменик претседател на Владата на РМ за економски прашања; Управа за заштита на културно наследство; Општина Маврово-Ростуше; Општина Гостивар; Општина Дебар; ЈП за комунални услуги, Маврово; ОУ. Ѓорги Пулевски, Ростуше; преставници од МПЦ; ЕВН; Јавна Установа Национален парк Маврово; Јавна Установа Национален парк Пелистер; Шумарски факултет, Скопје; АД ЕЛЕМ; ЈП Македонски Шуми; ЈП за стопанисување со пасишта; Државен универзитет, Тетово; хотел Радика, Леуново; Граѓански здруженија; Невладини организации и други учесници.

Јавната расправа ја отвори раководителот на Секторот за природа при Управата за животна средина при МЖСПП. Тој се осврна на целта на јавната расправа и даде подршка на активностите на Министерството на животна средина и просторно планирање по однос на Предлог - Законот за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк.

Потоа следуваше кратко обраќање на директорот на Јавната Установа Национален парк Маврово

Од страна на, раководителот на одделението за заштита на природното наследство при Управата за животна средина беше презентиран Предлог-Законот за прогласување на Маврово за национален парк. Во презентацијата беа посочени целите и содржината на Предлог- аконот и постапката за прогласување на заштитени подрачја, согласно Законот за заштита на природата.

Потоа се отвори дискусија, на која беа дадени предлози и сугестии во врска со Предлог-законот:

Претставник од МЗШВ даде забелешки по однос на одредени членови во Предлог-законот, кои се однесуваат на финансирањето, планските документи и зонирањето во НП Маврово.

Претставникот на Општина Маврово-Ростуше посочи дека не ги оправдува очекувањата од овој закон од аспект на вклученоста на локалната самоуправа во неговото спроведување, како и во однос на вклученоста на локалното население во управувањето со НП Маврово .

Од страна на претставник од Граѓанското здружение-Маврови Анови, беа наведени некои проблеми со кои се соочуваат приватните сопственици во границите на НП Маврово. Од страна на претставниците на Јавната установа НП Маврово беше укажано дека стојат на располагање за понатамошно соработка и надминување на проблемите.

Исто така, по однос на зонирањето во НП Маврово забелешки беа дадени и од страна на Здружение од Мавровскиот реканскиот крај, претставници од населените места како и Фан група за заштита на НП Маврово. Забелешките се однесуваа на промена на зонирањето во делот на локалитетот Луково Поле.

Исто така беа наведени пробелми со кои се соочува локалното населението од селата Јанче, Врбен и Лазарополе како и претставници од Месната заедница-Ростуше, во врска со ограничувањата за користење на природните ресурси во НП Маврово.

Претставникот од Јавното комунално претпријатие-Маврово даде предлог за вклучување на локалната самоуправа во оуправувањето со паркот..

Од страна на претставници од Шумарски факултет, Скопје беа посочени одредени предлози по однос на членови во Предлог-Ззконот, кои се однесуваат на управување и одрживо користење на шумите во НП Маврово.

Од страна на претставник од ЈП Македонски шуми беше дадена сугестија за изземање на член од Предлог-законот кој се однесува на заштитниот појас .

По однос на површината на предлог-зоните на НП Маврово, од страна на невладината организација Еко-Свест, Скопје,, беа дадени забелешки дека истите не кореспондираат со површината дадена во студијата за ревалоризација на заштитеното подрачје Маврово.

Во текот на дискусијата од страна на преставници од МЖСПП, беа дадени соодветни одговори на поставените прашања. Во однос на поставените прашања и забелешки од стручен аспект, беа дадени одговори од страна на експертите кои беа вклучени во постапката за ревалоризација на природните вредности на НП Маврово.

На јавната расправа поголем дел од дискусијата на локалното население и невладините организации беше насочена за планираните хидропроекти во НП Маврово, без конкретни предлози и забелешки по однос на одредбите на Предлог-Законот за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк.

На крај од јавната расправа се донесе заклучок сите предлози, забелешки и прашања по однос на Предлог-Законот за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк, да бидат доставени во писмена форма до МЖСПП, со цел да се постапи по однос на истите.

Јавната расправа ја затвори д-р Соња Лепиткова, Државен секретар во МЖСПП, при што во името на ресорното министерство се заблагодари на учесниците за нивното учество и конструктивните предлози и сугестии.

09.03.2015 год. Сектор за природа

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален Парк МАВРОВО
бр. 03 - 214/2
23.02.2015 год.
Маврови Анови


**Република Македонија**
**Јавна Установа Национален Парк**
**МАВРОВО**
**Маврови Анови**


20.02.2014
Маврови Анови

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Примено: | 23.02.2015 | | |
| 11 | 1427/7 | | |

**До: Република Македонија**
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

**ПРЕДМЕТ: Известие**

**Почитувани,**

**Управата на Јавната Установа Национален Парк Маврово - Маврови Анови , го разгледа барањето Бр. 11-1427/1 од 11.02.2015 година доставено од Ваша страна во врска со наше мислење за конечната верзија на Предлог – Законот за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк и нема забелешки на преложеното решение , односно сметаме дека соработката која што се одвиваше при изработка на Предлог – Законот беше на високо ниво и сите предложени текстови беа инкорпорирани во текстот се со цел да се изготви квалитетна дефинитивна верзија .**
**Сметаме на меѓусебна целосна соработка и подршка во моментот на презентација и јавната расправа на Предлог текстот пред големиот број на заинтересирани страни поканети на настанот .**

Со почит!

**Изработил:**
**Раководител на одделение**
**инж. Томо Ѓорѓевски**

**ДИРЕКТОР**
**м-р Онер Јакупоски**

# ЗОНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „МАВРОВО“



# Мапа на Зоните во Националниот парк „Маврово“



КОСОВО

2014

# ЗОНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „МАВРОВО"



КОСОВО

2014

# ЗОНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „МАВРОВО“




КОСОВО
2014
АЛБАНИЈА
Кораб
Шар Планина
Радика
Бистра
Дешат
Брод ец
Ничпур
Тануше
Маврови Анови
Мавровско Езеро
Леуново
Никифорово
Маврово
Сенце
Жировница
Битуше
Ростуше
Галичник
Јанче
Селце
Скудриње
Тресонче
Лазарополе
1
2
3
4
5
6
7
8
ЛЕГЕНДА
0 2 4 8 km

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ОПШТИНА МАВРОВО И РОСТУША**

*Одделение за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина*

број: 10- 41/2 од 27.02.2015 год.

*Маврови Анови*

До: Министерство за животна средина
и просторно планирање
бул.„Гоце Делчев" бб
1000 Скопје

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 13 03 2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1427/22 | | |

Ваш бр. 11-1427/1
од 11.02.2015 год.

**ПРЕДМЕТ:** Одговор на Ваше Барање Мислење

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис-Барање мислење од 11.02.2015 год. - во кој барате наше мислење, општина Маврово и Ростуше го разгледа „Предлог-Закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категорија на национален парк" има една генерална забелешка а тоа е дека: **Никаде во Законот не се споменува дека во паркот покрај живеалишта на разни видови на животни постојат и човечки живеалишта-села и тоа на територија на паркот постојат 38 населени места од кои 37 во општина Маврово и Ростуше и 1 во општина Гостивар, каде според пописот на населението од 2002 год. живеат 8618 жители и тоа во следните населени места :**

Во општина Маврово и Ростуше селата: Аџиевци, Беличица, Бибај, Битуше, Богдево, Болетин, Велебрдо, Видуше, Волковија, Врбен, Врбјани, Галичник, Грекај, Жировница, Жужње, Јанче, Кичиница, Кракорница, Лазарополе, Леуново, Маврови Анови, Маврово, Нивиште, Никифорово, Нистрово, Ничпур, Присојница, Рибница, Росоки, Ростуша, Селце, Сенце, Скудриње, Сушица, Тануше, Требиште, Тресонче и
во општина Гостивар: с. Бродец

Поради гореневеденото сакам да ги предложам следните забелешки:

**Во член 6**

После зборовите : „ ...... можат да се вршат само дејствија за потребите на науката, уредувањето на просторот, развој на туризмот ..... по претходно прибавена согласност од органот на државната управа"

**Коментар:** сметаме дека овде треба да се додаде дека согласност дава и локалнита самоуправа посебно зошто се работи за дејствија како развој на туризам и сл. на територија на општините а без никаква прибавена согласност од истите.

**Во член 13**

- Да се додаде дека во оваа зона поименично влегуваат горенаведените населени места

**Во член 17**

**став 2**

стои Управниот одбор го именува и разрешува Владата на Р.М.
коментар: Сметаме дека Локалните самоуправи треба да бидат вклучени со свои претставници во Управен одбор и во други тела на НП „Маврово" заради транспарентност во нивното работење за не се добие впечаток дека севкупното работење на НП „Маврово" е само на релација централна власт НП Маврово т.е. да ја доближиме до обичниот граѓанин.

**став 3**

Во овој став неопходно е потребно подетално да се објасни: колку члена брои „Советот на засегнати страни", кој го сочинува „Советот на засегнати страни", која е неговата улога и с.л. исто така и „научниот совет" , колку члена брои и кој профил да бидат членовите кои треба да го сочинува т.е. претставници од што т.е. од каде, која би било конкретно нивната улога и с.л..

**Во член 18**

**став 1**

Во овој член стои дека „НП Маврово управува интегрално со целата територија на националниот парк"
коментар:
Интегрално управување според нас значи во целост во сите сегменти од животот за оваа дефинирана територија. Ако е така тоа подразбира дека истото се однесува на територијата која ја покрива општина Маврово и Ростуше т.е. 93 % од територрија со 37 населени места . Каде е овде локалната самоуправа во управувањето со својата територија т.е. потребно е да се разграничи каде завршуваат ингеренциите на НП Маврово а каде почнуваат ингеренциите на локалната самоуправа. Или децидно да се каже дека ингеренциите за интегрално управување со територијата на НП Маврово се однесуваат само за аспект – во однос на заштита на природата, без да се прецизира горенаведеното создаваме мешање на ингеренции и двовластие на иста територија.

**Во член 23**

Ова претставува токму она што погоре е елаборирано т.е. оваа Одлука за внатрешен ред го уредува внатрешното уредување во рамките на паркот од аспект на сите сфери на животот а никаде не е вклучена локалната самоуправа. Со оваа Одлука се регулираат и прашања од секојдневни активности и живеачката на локалното население – а на нея согласност дава само органот на државната управа од областа за заштита на природа. Каде се овде локалните самоуправи кои по мое мислење треба активно да бидат вклучени во секаков вид на активности и регулирање на истите на нивна територија.

**Во член 26**

Во Став (2) Средства за финансирање на активности за заштита и развој на националниот парк може да се обезбедат меѓудругото стои и:

- Од буџетите на единиците на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа „НП Маврово"

Сакам пред и се да напоменам дека се работи за Национална институција . На почетокот во глава „III Оцена на финансиските последици од предлог-законот врз буџетот и другите јавни финансиски средства" стои дека „Законот, чие донесување се предлага, не повлекува обврска за

обезбедување на средства за негово спроведување од Буџетот на Р.М." , а сега, иако претходно никаде не ја споменува локалната самоуправа, на Законодавецот му текнало дека постои Локална самоуправа која требало да го финансира паркот. Сметаме дека ова е апсурдно од следните причини :

- Се работи за национална институција а не за локална или регионална / доколку би се работело за локална или 2-општини регионална институција тогаш логично е истата да биде финансирана од локалните самоуправи но една национална институција да ја финансира локалната самоуправа – тоа би било преседан во Р.М.. Централната власт да ја формира и управува со истата а локалната да ја финансира.
- Локалните самоуправи како што и погоре се осврнав никаде, со конкретни одлуки, не се вклучени во ниту еден процес на одлучување во носење на Просторниот план , ниту при носење на планот за стратешко управување, ниту во носење на други плански документи кои се спомнати во овој закон а се однесуваат за територијата на локалните самоуправи и уредување на правила на однесување во рамките на истите територии каде фактор на одлучување сметаме дека треба да бидат и општините покрај НП Маврово.
- Исто така сакам да напоменам дека бидејќи станува збор за заштитено подрачје сега и во иднина сите приходи од разни дејности опишани погоре во текстот на законот а за кои НП Маврово може да наплаќа како пр. за користење на природните ресурси кои ги има овој регион и сл. одат само на конто на НП Маврово а од друга страна пак сведоци сме сите дека сите тешки возила кои обавуваат активности во рамките на НП Маврово ја користат локалната патна инфраструктура за која е надлежна локалната самоуправа и за чие асфалтирање и одржување Општината обезбедува грантови и се задолжува со кредити пред меѓународни институции за нивна изведба и одржување. Сметаме дека токму тешки возила од Паркот и тешки возила кои работат за паркот ги оштетуваат локалните патишта и потребно е НП Маврово да учествува и во нивно одржување и асфалтирање или да пренасочи дел од сопствените приходи во буџетот на локалната самоуправа за оваа намена.
- Од друга страна во НП Маврово – како што е регулирано со овој предлог закон предвидено е паркот да прибира надомесоци по основ :

  1. Надоместок за паркирање
  2. Надоместок за посета
  3. Надоместок за собирање на диви видови растенија, габи, **животни** и нивни делови
  4. Одржливо користење на природни ресурси (управување со шумски живеалишта и екосистеми)
  5. Срества стекнати по основ од член 11 и член 13 од овој закон

член 11-надоместоци од: научно-истражувачки активности, поставување патокази, пешачење по обележани патеки, скијачко трчање, поставување на инфо табли, уредување на места за одмор, кампување во дивина, собирање габи, плодови и растенија, собирање плодови, полжави, напасување стока, одгледување земјоделски култури, косење трева, пчеларство и.т.н.
член 13 – надоместоци од : одржливо користење на шуми, спортски риболов, производство на потомство од автохтона пастрмка, одстрел на диви животни, одрж. и управ. на репро-центар за далматински. На обичниот елен во Бунец, движење на мот. Возилча и.т.н.
Овдека посебно сакам да се осврнам на делот за одржливо користење на шуми и одстрел на диви животни каде сега по тој основ НП Маврово остварува значителна финансиска добивка. Сметаме дека оваа финансиска добивка остварена на територија на НП Маврово а која е всушност и територија на локалните самоуправи треба во одреден процент да се враќа на локалното население

кое овде живее, преку локалната самоуправа бидејќи приходот т.е. искористувањето на националните богатства кои се наоѓаат на територијата на општината во одреден процент треба да претставува приход на локалната самоуправа на чија територија се црпи. Ова го кажувам со цел дека искористувањето на природните ресурси на територијата на локалните самоуправи треба во одреден дел да бидат приход на локалната самоуправа – со цел подигнување на животниот стандард на населението кое живее во рамките на НП Маврово за да покрај ограничувачките фактори со кои што живее на територија на паркот има и некаква привилегија (освен привилегијата да диси чист воздух).
и др.

коментар: Сметам дека точката 5 треба поинаку да се преформулира бидејќи вака како што е дадена – произлегува дека се што е дозволено во рамките на поединечните зони – за истите активности НП Маврово може да наплаќа финансиски средства . на пр. во член 13 стои дека дозволено е уредување на извори, изградба на семејни и викенд куќи, изведба на водоводна мрежа и одведување на отпадни води и др. активности дали за сите овие активности значи дека може да и да врши наплата ????

Согласно погоре кажаното сметам дека овој Закон има една ГОЛЕМА недоследност искажана со една реченица а тоа е :

**ТЕКСТОТ НА ОВОЈ ПРЕДЛОГ-ЗАКОН МОЖЕ ДА СЕ ПРИМЕНУВА ЗА - ЗАШТИТЕНО ПОДРАЧЈЕ ВО КАТЕГОРИЈА НАЦИОНАЛЕН ПАРК - ЗА БИЛО КОЈА ДРУГА ТЕРИТОРИЈА (КАДЕ ШТО НЕМА ЧОВЕЧКИ НАСЕЛБИ) НО НЕ И ЗА ТЕРИТОРИЈАТА НА НП „МАВРОВО"**

овој закон според мене во ниту еден член не ја дефинира оваа специфика на НП Маврово и сметам дека во овој облик не треба да биде донесен .

Со почит !

Раководител на одделение
Ќирко Џуковски д.и.а.

Градоначалник
Мукрем Мехмеди

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна Установа Национален Парк Маврово
Бр. 03-403/3
24.04.2015 год.
Маврови Анови

Број 0302

**Република Македонија**
**Јавна Установа Национален Парк**
**МАВРОВО**
**Маврови Анови**

24.04.2015 г.
Маврови Анови

До: Република Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ
Примено: 24.04.2015

ПРЕДМЕТ: Известие

Почитувани,

Управата на Јавната Установа Национален Парк Маврово - Маврови Анови , го разгледа барањето Бр. 11-2712/1 од 17.04.2015 со намера за изведување на проект Мала хидроелектрична централа МХЦЕ Жировница со реф. Бр. 5 на територијата на општина Маврово и Ростуша за потребите на инвеститорот „ Хидроген енерџи груп" ДОО – Скопје и според нашите плански документи и извршеното картирање на површината планираниот опфат е целосно во Паркот односно преставува како продолжение на планираниот проект за изградба на МХЕ Жировница 6 во повисоката зона од водотекот , и спореден планираниот зафат, цевководот како и машинската зграда со картата за извршено зонирање може да се констатира дека планираниот објект е во Зоната за држливо користење и Зоната за активно управување .

Имајќи го во предвид карактерот на инвестицијата како добро од општ интерес и државен јавен интерес , Управата на паркот има позитивно мислење за намерата за изведување на проектот .

Инвеститорот има обврска при реализација на проектот на терен да се придржува кон стандардите и нормите за заштита на животната средина и не нарушување на природниот амбиент, кои што се разбира се под контрола на ЈУНП Маврово. Инвеститорот има обврска пред да отпочне со реализација на планираните активности на терен , да ја информира управата на паркот .

Управата на Паркот е на располагање за дополнителни информации ако е потребно .

Со почит!

Изработил:
Раководител на одделение
инж. Томо Ѓорѓевски

ДИРЕКТОР
м-р Омер Закупоски

Тел:042/489 019; Факс: 042/489 505 п.ф.1256 Маврови Анови- Р. Македонија
e-mail npmavrovo@npmavrovo.org.mk www.npmavrovo.org.mk

**Влада на Република Македонија**
Секретаријат за законодавство

Влада на Република Македонија
Секретаријат за законодавство
Бр. сл. 08-1783/2
02. 03. 2015 2015 год.
Св. Кирил и Методиј бр. 54
1000 Скопје
Република Македонија
тел./факс: (02) 3228 205
е-пошта: info@sz.gov.mk
сајт: www.sz.gov.mk

ДО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје

Предмет: Мислење
Врска: Ваш бр. 11-1427/1 од 11.02.2015 година

Почитувани,

По однос на Предлогот на Закон за прогласување на Маврово за заштитено подрачје во категоријата национален парк, Секретаријатот за законодавство го дава следното мислење:

Согласно член 92 став (1) од Законот за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13 и 41/14) строгите природни резервати, подрачјата на дивина, националните паркови, споменицитe на природата и парковите на природата се прогласуваат за заштитено подрачје со закон.

Според став (7) од овој член, актот за прогласување на заштитеното подрачје, односно природна реткост содржи: назив на заштитеното подрачје или природната реткост, категорија на заштита за заштитеното подрачје, географски карактеристики и други основни обележја, картографски приказ со граници на заштитеното подрачје и границите на зоните од членот 93 на овој закон кои постојат во рамките на заштитеното подрачје, типови на зони во заштитеното подрачје, режим на заштита, субјект кој ќе управува и други прашања утврдени со актот за прогласување.

Оттука, укажуваме дека Предлог-Законот ќе треба целосно да се преработи, во смисла да се уредат само прашањата од погрецитираниот член 92 став (7) од Законот за заштита на природата, во која смисла укажуваме на следното:

1. Одредбите од Предлог-Законот со кои се уредуваат прашањата кои се однесуваат на управувањето, финансирањето, одржливото користење на природните ресурси, прогласувањето на биолошката разновидност како добра од јавен интерес, целите на законот, видовите на акти кои се донесуваат во Националниот парк, начинот на основање јавната

установа, органите на јавната установа, видовите на стручни мислења кои ги дава Јавната установа на барање на органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата, начинот на вршење на контрола и должностите на чуварската служба, инспекцискиот надзор, казнените и преодните одредби не претставуваат предмет на уредување на овој закон во која смисла укажуваме дека ќе треба да се преоцени задржувањето на одредбите од членовите 1, 2, 4 и 5 од Предлог-Законот, меѓутоа доколку истите се задржат ќе треба соодветно да се преработат. Додека одредбите од членовите 6, 15, 16 став (2), 17, 18, 20, 25, 26, 27, 28, 29 и 30 од Предлог-Законот ќе треба да изостанат.

2. Членот 9 од Предлог-Законот ќе треба да се преработи, во смисла да изостанат ставовите (1) и (4) на овој член со оглед дека истите не се предмет на уредување на овој закон, односно овие одредби се веќе утврдени во член 104 ставови (1) и (4) од Законот за заштита на природата. Одредбите од ставот (3) на овој член, ќе треба да се преработат во смисла да се усогласат со одредбите од член 104 од Законот за заштита на природата, со оглед дека во истиот не се утврдени исклучоци од дозволените активности во зоната на строга заштита по претходна согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата во соработка со Јавната установа.
3. Членот 11 од Предлог-Законот ќе треба да се преработи во смисла да изостанат ставовите (1) и (2) со оглед дека истите се уредени во член 105 став (4) и член 5 став (1) од Законот за заштита на природата. Ставот (3) на овој член ќе треба да се преработи со оглед дека во членот 104 од Законот за заштита на природата, не се утврдени дозволените активности во зоната за активно управување кои се наведени во овој член од Предлог-Законот.
4. Исто така, укажуваме дека и членот 13 од Предлог-Законот ќе треба да се преработи во смисла ставот (1) да изостане со оглед дека ова прашање е утврдено во член 106 став (1) од Законот за заштита на природата. Воедно укажуваме дека ставот (4) од овој член ќе треба да се преработи во смисла да се усогласи со

активностите кои би можела да се вршат во зоната на одржливо користење утврдени во Законот за заштита на природата.

5. Во членот 14 ставот (1) од Предлог-Законот ќе треба да изостане со оглед дека ова прашање е уредено во член 107 став (1) од Законот за заштита на природата.
6. Членот 21 од Предлог-Законот ќе треба да изостане со оглед дека активностите кои можат да се вршат на територијата на Националниот парк „Маврово" во законот се веќе утврдени во зависност од видот на зоната (зона на строга заштита, зона на активно управување, зона на одржливо користење и заштитен појас).
7. Во членот 22 став (1) алинеја 2 од Предлог-Законот со која се забранува лов и стопански риболов на територијата на Националниот парк „Маврово" ќе треба да се преработи, во смисла да се усогласи со член 13 став (4) од Предлог-Законот, во кој е утврдено дека зоната за одржливо користење е дозволен спортски риболов.

   Алинејата 4 од овој став ќе треба да изостане, со оглед дека истата не е предмет на уредување на овој закон, ова дотолку повеќе што во наведените зоните не е утврдено дека можат да се собираат ароматични и лековити растенија, габи, шумски и други плодови на целата територија, за да со оваа одредба се предложи забрана на вршење на оваа активност доколку не се издадени соодветни дозволи.

   По однос на одредбите од член 22 став (1) алинеи 2 и 4 ќе треба да се има во предвид мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

   Алинејата 9 од овој став во која е утврдено дека се забранува градење на магистрални и регионални патишта, доколку тоа не е предвидено во просторниот план на националниот парк, според наша оценка ќе треба да изостане или во спротивно ќе треба да се усогласи со член 13 став (4) од Предлог-Законот во кој е утврдено дека во зоната за одржливо користење е доволена изградба на земјени и асфалтни патишта.
8. Одредбите од член 23 од Предлог-Законот во кои е утврдено дека Јавната установа донесува Одлука за внатрешен ред во Националниот парк по претходно

[redacted]

прибавена согласност од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата укажуваме дека ќе треба да се преоценат со оглед дека во Законот за заштита на природата не е утврдено органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата да дава согласност на актот на јавната установа со која се уредува внатрешниот ред, ова доколку повеќе што ова прашање преставува предмет на уредување на Статутот на јавната установа.

9. Имајќи го предвид досега наведеното укажуваме дека преодните одредби од Предлог -Законот, членовите 29 и 30 ќе треба да изостанат со оглед дека истите не се предмет на уредување на овој закон. Имено, согласно член 92 став (7) од Законот за заштита на природата, Предлог-Законот ќе треба да содржи и картографски приказ со граници на заштитеното подрачје Националниот парк, така што укажуваме дека не би можело да се задолжува Јавната установа„Национален парк-Маврово" да изготви карта со надворешни и внатрешни граници (зони) во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, односно истата би требало да биде составен дел на Предлог-Законот.

Со почит,

Секретар,
Лила Пејчиновска Миладиновска

Изработил: Ирена Арнаудовска
Одобрил: Д-р Оливера Нечовска

459/50

МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА

MAKEDONSKA AVTORSKA AGENCIA

Трговско друштво за заштита на авторски и сродни права МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА ДОО - Скопје
[illegible]
Tregtare shoqëria për mbrojtjen e të drejtave të autorit dhe të drejtave të përafërta MAKEDONSKA AVTORSKA AGENCIA DOO - Shkup
[illegible]

# ФАКТУРА

033

Сер. Бр. 10858/16

Скопје, 22.07.2016

Корисник

J.У.НАЦИОНАЛЕН ПАРК - МАВРОВО

1256 МАВРОВИ АНОВИ

Автор-и

ПЕТКОВСКИ СВЕТОЗАР 1000 СКОПЈЕ

Творба

СТРУЧНИ И СОВЕТОДАВНИ МИСЛЕЊА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ВО ЈУЛИ 2016

Рата 100%

Даночна основица 1,183.00 x 18% ДДВ = 213.00

Во бруто износот е содржан ДДВ

*БРУТО износот на авторскиот надоместок кој треба да се уплати на име:*
**МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА Д.О.О.**

**34,911.00**

ојје

44202 | ... 34.911,00
6002 | ... 34.911,00

Агенцијата гарантира за наплата на аконтација на персоналниот данок
Чл. 134 од законот за персонален данок од доход (Сл. весник на РМ бр.80/93)

Износот на фактурата се плаќа во рок од 30 дена од денот на прием на фактурата

По истекот на овој рок засметуваме камата по прописи

Овластено лице,
*СМИЧЕСКИ МИЛАН*

Директор,
*М-р НИНА Д. СТАРДЕЛОВА*

МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА

МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА

# ФАКТУРА

Сер. Бр. 14933/16

Скопје, 17.10.2016

Корисник

J.У.НАЦИОНАЛЕН ПАРК - МАВРОВО

1256 МАВРОВИ АНОВИ

Автор-и

ПЕТКОВСКИ СВЕТОЗАР 1000 СКОПЈЕ

Творба

СТРУЧНИ И СОВЕТОДАВНИ МИСЛЕЊА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ОКТОМВРИ 2016

Рата 100%

Даночна основица 1,183.00 x 18% ДДВ = 213.00

Во бруто износот е содржан ДДВ

*БРУТО износот на авторскиот надоместок кој треба да се уплати на име:*
*МАКЕДОНСКА АВТОРСКА АГЕНЦИЈА Д.О.О.*

34,911.00

*Депонент на Комерцијална банка А.Д. - Скопје*

Агенцијата гарантира за наплата на аконтација на персоналниот данок
Чл. 134 од законот за персонален данок од доход (Сл. весник на РМ бр.80/93)

Износот на фактурата се плаќа во рок од 30 дена од денот на прием на фактурата

По истекот на овој рок засметуваме камата за пролонгирање

Овластено лице,
*СМИЧЕСКИ МИЛАН*

Директор,
*М-р НИНА Д. СТАРДЕЛОВА*

Македонска Авторска Агенција

Makedonska Avtorska Agencija

434/50

# ФАКТУРА

Сер. Бр. 10854/16

Скопје, 22.07.2016

Корисник

J.У.НАЦИОНАЛЕН ПАРК - МАВРОВО

1256 МАВРОВИ АНОВИ

Автор-и

ПЕТКОВСКИ СВЕТОЗАР 1000 СКОПЈЕ

Творба

СТРУЧНИ И СОВЕТОДАВНИ МИСЛЕЊА ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА, ВО ЈУНИ 2016

Рата 100%

Даночна основица 1,183.00 x 18% ДДВ = 213.00

Во бруто износот е содржан ДДВ

*БРУТО износот на авторскиот надомест кој треба да се уплати на име:*
*АВТОРСКА АГЕНЦИЈА Д.О.О.*

**34,911.00**

Агенцијата гарантира за наплата на аконтација на персоналниот данок
Чл. 134 од Законот за персонален данок од доход (Сл. весник на РМ бр.80/93)

Износот на фактурата се плаќа во рок од 30 дена од денот на прием на фактурата

По истекот на овој рок засметуваме камата по прописи

Овластено лице,
СИМЧЕСКИ МИЛАН

Директор,
М-р НИНА Д. СТАРДЕЛОВА